# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр.14 Јуни - Јули - Август 2020



ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk




## Започна реконструкцијата на градскиот плоштад и парк

Општина Крива Паланка започна со реконструкција на градскиот плоштад и парк во рамки на проектот „Крива Паланка источна порта на Европа (Фестивалска туристичка атракција)“.

Средствата во висина од 662.000 евра се обезбедени во рамките на проектот за локална и регионална конкурентност, финансиран со грант од Инструмент за претпристапна помош II на ЕУ (ИПА II) и ко-финансиран од Владата на Република Северна Македонија, администриран од страна на Светска Банка, преку доверителски фонд, и со учество на општината.



Во Крива Паланка е уредена нова фитнес-зона, со средства обезбедени од ИПА програмата за прекугранична соработка помеѓу РС Македонија и Бугарија.





## Крива Паланка наскоро ќе добие „Европска куќа“

*Крива Паланка наскоро ќе добие „Европска куќа“, проект што се реализира во рамки на програмата „ЕУ за тебе“.*

Во тек се интензивни градежни активности за адаптација на предвидениот простор, каде младите ќе можат да се дружат, да учат, да се информираат и да ги споделуват своите ставови и размислувања, да дискутираат, да гледат филмови и да организираат разни други културни настани.

Висината на проектот е околу 7.000.000 денари и според планот треба да биде завршен до крајот на оваа година.



## Набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад

Општина Крива Паланка го доби првото возило за смет од 10м³ преку проектот „Набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад во источен и североисточен плански регион” финансиран со средства од ИПА програмата за регионален развој на Европска Унија.

Со уште 2 возила и 192 сада за отпад кои ќе бидат испорачани во наредниот период ќе се овозможи современ начин на собирање и третирање на отпадот во општината.



## Изграден потпорен ѕид на улицата „11-ти Октомври“

Заврши изградбата на потпорен ѕид на улицата „11-ти Октомври“ со што е решен уште еден долгогодишен проблем со свлечиштето на локација Кадиска Чешма. Градбата е со должина од околу 40 метри, составена од 8 кампади со просечна висина од 3,5 метри.

Со изградбата на потпорниот ѕид се овозможи проширување на коловозот на улицата и обезбедување сигурен пристап на жителите од населба Чука.



## Уредување на јавни површини во градот

Во рамки на **Програмата за работно ангажирање за вршење на јавни работи**, 12 невработени лица со ниски квалификации беа ангажирани за чистење на канали и сливници за атмосферски води, отстранување на одрони, чистење на диви депонии, уредување на зелените површини и други мали комунални работи.



Спроведено е чистење на поголем дел од регулациите на Белевски Дол, долот во населбата Единство и дел од дол Нимулија. Исчистен е одводниот канал во населба Бегови Бавчи, потоа одводниот канал покрај колективните станбени згради на улица Херој Карпош и одводен канал кај Технички сервис.

Спроведено е чистење на девет локации меѓу кои дел на Стара вада, локални патишта за манастирот Св.Јоаким Осоговски и околината на Спортско рекреативен центар.



## Заврши поплочувањето на улица „Момир Стојановски“

*Во изминатиот период Општина Крива Паланка преку ЈП „Комуналец“ започна активности за уредување, санација и подобрување на пристапот на поголем број локации во градот.*

Завршено е поплочувањето и изградбата на потпорни ѕидови на ул. Момир Стојановски во населба Илинденска. Со ова е решен долгогодишниот проблем за овој дел од населбата и од аспект на пристап, но и од аспект на атмосферска канализација која при обилни врнежи создаваше огромна штета и непогоди за месното население.



## Се менуваат постоечките водомери со дигитални

Општина Крива Паланка преку Министерството за транспорт и врски започна со реализација на проектот за замена на постоечките водомери со дигитални. Со ова значително ќе се подобри увидот во евентуалните загуби на вода за пиење, постоечки дефекти на водоводната мрежа или незаконско користење на истата.



Со активноста ќе бидат опфатени околу 4.500 домаќинства, ќе се спроведува во следниве десеттина месеци, а вкупната сума на грантот е 37.922.577 денари.

Имплементатор на активностите е ЈП „Комуналец“ Крива Паланка.




## ГИС порталот на Општина Крива Паланка достапен за корисниците

Општина Крива Паланка овозможи пристап до дел од просторните податоци со кои располага преку Веб ГИС апликацијата, поставена на веб страната на општината како нов сервис.

Апликацијата е достапна на https://gisportal.gdi.mk/visios/KPPublic со соодветно упатство за користење. Во моментот се достапни податоци за урбанистичките планови, адреси, како и туристичката мапа на градот.

Општината работи континуирана на зголемување на сетот на достапни податоци за корисниците, а наскоро ќе биде овозможена и форма за прибирање на податоци и комуникација со граѓаните.




**20 причини за посета на Крива Паланка,** интерактивна мапа која ги промовира локалните места за посета со цел да ги инспирира посетителите да го запознаат градот и околината преку природните убавини, културата, традицијата и храната.
Презентацијата (Story Map) е достапна на https://arcg.is/Lry840.

**Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност 2020**

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | **МНОГУ ДОБРА** | |
| 1 | Министерство за одбрана | 97,9 % |
| 2 | Велес | 94,4 % |
| 3 | Карпош | 91,4 % |
| 4 | Крива Паланка | 89,9 % |
| 5 | Битола | 88,4 % |
| 5 | Демир Хисар | 88,4 % |
| 7 | Македонска Каменица | 85,9 % |
| 8 | Валандово | 85,5 % |
| 9 | МВР | 85,4 % |
| 10 | Министерство за финансии | 85,2 % |
| 11 | Зрновци | 84,5 % |
| 12 | Гази Баба | 84,1 % |
| 12 | Струмица | 84,1 % |
| 14 | МИОА | 83,3 % |
| 14 | Влада на РСМ | 83,3 % |
| 16 | Делчево | 82,6 % |

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| 51 | Аеродром | 60,3 % |
| 52 | Ѓорче Петров | 60,0 % |
| | **ПРОСЕЧНА** | |
| 53 | Дебар | 58,1 % |
| 54 | Виница | 58,0 % |
| 54 | Илинден | 58,0 % |
| 54 | Тетово | 58,0 % |
| 57 | Маврово и Ростуше | 57,7 % |
| 57 | Свети Николе | 57,7 % |
| 59 | Радовиш | 56,5 % |
| 60 | Министерство за култура | 56,3 % |
| 61 | Брвеница | 55,1 % |
| 62 | Боговиње | 53,6 % |
| 62 | Могила | 53,6 % |
| 64 | Јегуновце | 52,9 % |
| 65 | Неготино | 52,1 % |
| 66 | Босилово | 50,7 % |

## Транспарентноста на Општина Крива Паланка оценета како „многу добра“

Општина Крива Паланка според Индексот на активна транспарентност на Центарот за граѓански комуникации, со 89,9 % исполнетост на обврските се наоѓа на четвртто место од вкупно рангирани 98 институции. Крива Паланка е на трето место помеѓу општините и е најдобро рангирана општина во Североисточниот плански регион.

Општина Крива Паланка континуирано работи на унапредување на транспарентноста и на приближување на услугите до граѓаните.



## Општина Крива Паланка изработи социјален план за 2021-2024 година

Општина Крива Паланка изработи социјален план за 2021-2024 година којшто е усогласен со Законот за социјална заштита. Планот ги опфаќа визиите за сите ранливи групи од општината чијшто живот и услови за егзистенција ќе се подобруваат во претстојниот период.



Социјалниот план за Крива Паланка е изработен во рамки на проектот „Поддршка на модернизацијата и деинституционализацијата на социјални услуги“, финансиски поддржан од Делегацијата на Европската унија во Скопје, а имплементиран од „ЕПТИСА“.

## Стратегија за развој на туризмот во Општина Крива Паланка

*Советот на Општина Крива Паланка ја усвои Стратегијата за развој на туризмот за период 2020-2025.*

Изобилието на природни и културни убавини се најголемиот потенцијал на Крива Паланка за развој на туризмот. Атрактивните планински предели на Осоговските Планини и сочуваната архитектура на повеќето рурални подрачја нудат огромни можности за инвестиционен развој во туризмот со цел постигнување на значајни економски ефекти.




Препознатлив и лесно достапен туристички регион со развиени автентични туристички производи, со подобри стандарди за работење и подобар квалитет на услуги, кои ќе ги почитуваат принципите на одржлив развој, а со тоа ќе прерасне во важен туристички бренд *е визијата која претставува патоказ за сите идни стратешки решенија и оперативни интервенции.*



## Промовиран веб-сајтот за поддршка на локалниот туризам во Крива Паланка

*Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ го промовираше веб-порталот www.visitkrivapalanka.com, наменет за поддршка на локалниот туризам во Крива Паланка.*

На официјалната промоција пред присутните претставници од управниот одбор на фондацијата, од локалните институции и граѓански организации од општината, извршната директорка на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“, Ирена Белешковска, го претстави порталот во кој е интегрирана целокупната туристичка понуда на градот и околината за формирање единствен пакет за домашна туристичка дестинација.

На **www.visitkrivapalanka.com** може да се поставуваат банери и реклами од страна на сите заинетересирани економски оператори што можат да понудат услуги од областа на туризмот.



## Донација на КАМ маркети за социјално ранливите семејства

КАМ ДОО како општествено одговорна компанија, донираше над 50 пакети производи со храна и средства за хигиена за најранливите категории граѓани од Општина Крива Паланка.

Донацијата се реализира и дистрибуира во соработка со стручните служби од Општината и Меѓуопштинскиот центар за социјални работи.







## Одржана јавна расправа за Осогово

***Осогово и лично и различно***

Во Крива Паланка се одржа јавна расправа за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитен предел со цел да се овозможи одржливо користење на природните ресурси на начин на кој не се загрозува опстанокот на видовите и нивната природна рамнотежа. Според Студијата предвидено е да има три зони и тоа зона за одржливо користење, зона за активно управување и зона за строга заштита.

*Реализација на овој проект е поддржана од Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија (ПЗП), проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а координиран од „Фармахем“ од Скопје.*



